# Дневна хемеротека за *23.03.2016г.*

## МИА - *[Ќе се обновува резервоарот за вода во село Горно Седларци]*

СРЕДА, 23 МАРТ 2016, 10:13:40

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА




НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Ќе се обновува резервоарот за вода во Село Горно Седларци

### Ќе се обновува резервоарот за вода во Село Горно Седларци

Препорачај 0

вторник, 22 март 2016 13:34



**Скопје, 22 март 2016 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Боговиње Хазби Идризи денеска во зградата на локалната самоуправа во Богивиње потпишаа два договори за заедничко финансирање на проектите за обнова на водната кула - резервоар од системот за водоснабдување во селото Горно Седларце како и за доизградба на канализациониот систем за селото Пирок.

-Двата проекти што што ќе се реализраат во следниот период со кофинасирање на двете институции имаат голема важност за сите жители на општина Боговиње и задоволство ми е на Светскиот ден на водите што во Пирок ќе се реализира зафатот за собирање и третман на отпадните води. Обновата на резервоарот во Горно Седларце има за цел обезбедување на чиста и здрава вода за пиење. Ова е продолжување на нашата политика за инвестирање во зачувувањето на животната средина во сите домени и во сите општини во Македонија и во следниот период ќе промовираме уште многу вакви значајни прокети, изјави министерот Изаири.

За градоначалникот Идризи кофинасирањето на двата прокети е уште еден доказ за одличната соработка што локалнта власт ја има со сите надлежни институции, а во овој случај со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во однос на состојбите со протестите на дел од жителите на Боговиње кои се спротиставуваат општинското Јавно комунално претпријатие „Шар“ да стопанисува со селскиот водовод, градоначалникот Изаири рече дека согласно постојните законски прописи општината е надлежна да стопанисува со водоснабдувањето на сите жители.

-Постојат некои недоразбирања од една помала група на жители од Боговиње што според мене има некава друга заднина но се надевам дека состојбите многу скоро ќе се нормализираат. Иако тие велат дека според традицијата тие треба да управуваат со водоводот бидејќи е граден со пари од жителите. Во сите останати села каде сме имале слични случаи водоводот се стопанисува според законот од локалнта власт освен тука во Боговиње. Тие немаат законско право како невладина организација да раководат со водоводот и очекувам дека страстите многу ќе се смират, рече Идризи.

Одговарајќи на прашање околу заштитата на водите како што е реката Вардар, министерот Изаири напомена дека во текот на оваа година треба да започне активноистите околу изградбата на пречистителната станица во Тетово за што треба да се распише меѓународен јавен повик на која потоа согласно можностите треба да се приклучат и општините Боговиње и Брвеница.

-Вкупно за реализирање на сите прокети за заштита на водите во Македонија со изградба на пречистителни станици ќе требаат вкупно околу една милијарда евра. Ние во моментот располагаме со околу 10 отсто од потребната сума или 120 милиони евра и затоа ќе одиме чекор по чекор. По завршувањето на тетовско ќе подготвиме и техничка документација и за опфаќање на Врапчиште и Гостивар со цел да го заштитиме Вардар од отпадните води во полошко. Неодамна беше претставен и прокетот за изградба на пречистителна станица во Скопје со дел и француска донација така што следниот период ќе го искористиме да прибереме што повеќе средства и од буџетот и од странски донации за реализација на проектите за заштита на водите низ целата држава со изградба на потребните пречистителни станици, рече Изаири. ас/бк/**13:29**

## Курир - *Ќе се обновува резервоарот за вода во село Горно Седларци*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Боговиње Хазби Идризи денеска во зградата на локалната самоуправа во Богивиње потпишаа два договори за заедничко финансирање на проектите за обнова на .

## +инфо - *Потпишан договор за заштита на водите во Полошкиот регион*

Денеска во општина Боговиње министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот Хазби Идризи потпишаа договори за финансирање проекти за реконструкција на водна кула - резервоар од системот за водоснабдување во орно

## Денар - *Интензивна работа на заштита на водите во полошкиот регион*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот Хазби Идризи денеска потпишаа договори за финансирање на проектите за Реконструкција на водна кула – резервоар од системот за водоснабдување во Горно Седларце и за ...

## Точка - *Интензивна работа на заштита на водите во полошкиот регион*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот Хазби Идризи во вторник потпишаа договори за финансирање на проектите за Реконструкција на водна кула - резервоар од системот за водоснабдување во Горно Седларце и .

## Макфакс - *Интензивна работа на заштита на водите во полошкиот регион*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот Хазби Идризи во вторник потпишаа договори за финансирање на проектите за Реконструкција на водна кула - резервоар од системот за водоснабдување во Горно Седларце и

## Tetova Sot - Nënshkruhet marrëveshja për financimin e projekteve në komunën e Bogovinjës

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Nënshkruhet marrëveshja për financimin e projekteve në komunën e Bogovinjës



in Maqedoni 22/03/2016

Sot, në komunën e Bogovinjës ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi dhe kryetari i komunës Hazbi Idrizi nënshkruan marrëveshjen për financimin e projekteve për Rikonstruksionimin e kullës së ujit – rezervoari i sistemit për ujitje në v.q. Sedllarca e Epërme dhe për rindërtimin e sistemit të kanalizimit për v.q. Pirok.

– Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor punon me përkushtim për zgjidhjen e problemeve të banorëve për furnizimin e tyre me ujë të pastër të pijshëm si dhe për trajtimin e ujërave të zeza edhe atë jo vetëm në rajonin e Pollogut por në tërë territorin e vendit – theksoi ministri Izairi. Ministri Izairi dhe kryetari i komunës Idrizi theksuan bashkëpunimin e mirë midis Ministrisë dhe Komunës duke theksuar se ky bashkëpunim do të vazhdojë edhe në të ardhmen në drejtim të sigurimit sistematik të infrastrukturës së domosdoshme për një jetë më cilësore të banorëve lokalë dhe për një mjedis të shëndoshë.

Projekti financohet përmes Programit për envestime në mjedis për vitin 2016 dhe duhet të përfundojë brenda tre muajve.



## Lider -*Министерот Изаири и ректорот на Универзитетот на ЈИЕ ќе потпишат договор за финансирање проекти*

ЕКОНОМСКИ LIDER

# Министерот Изаири и ректорот на Универзитетот на ЈИЕ ќе потпишат договор за финансирање проекти

Ми се допаѓа 0 Share



Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и ректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Замир Дика денеска ќе потпишат договор за финансирање на проектите: „Утврдување на реалниот потенцијал за реализација на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот во општините Кичево и Кавадарци“ и „Спроведување на методологијата и оперативните активности при процесот за реализација на иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк“.

ПОВРЗАНИ

Од денеска на сила Договорот ЕУ-Турција

Зошто не се спроведува Минск 2

Во рамки на настанот ќе се одржи и тркалезна маса на тема „Мерење на квалитетот на воздухот“ и презентација на проектот за валоризација на вредностите и прогласувањето на Шар Планина за национален парк.

Најавено е присуство на градоначалниците на Тетово и на Кавадарци, Теута Арифи и Александар Панов.

## Орбис - Акција за чистење на езерото Матка (ФОТО)

# Акција за чистење на езерото Матка (ФОТО)

Mar 22, 2016 Јовица Пауноски Македонија Comments Off on Акција за чистење на езерото Матка (ФОТО)



По повод 22 март –Светскиот ден на водите, денеска Градот Скопје во соработка со Нуркачкото друштво „Врело" од Скопје и со Министерството за животна средина и просторно планирање организира чистење на бреговите на реката Треска и на езерото „Матка".

Во акцијата за расчистување на цврстите отпадоци од зелените и од јавните површини на овие локации се вклучија претставници на администрацијата на Градот Скопје, заменик-министерот за животна средина Стево Темелковски, претставници на МЖСПП, невладини организации и граѓани. Нуркачите од „Врело" помогнати од нивни колеги од Неготино и од Охрид отстрануваа отпадоци од езерото „Матка",

соопштија од Град Скопје.



Светскиот ден на водите се одбележува со цел да се истакне важноста на водата за животот и за опстанокот на живиот свет, но и да се нагласи фактот дека светот се движи кон времето кога потребата за вода ќе ги надмине залихите. Проценка на светските експерти е дека 1,1 милијарда луѓе нема пристап до вода за пиење, а 2,5 милијарди луѓе немаат обезбедени елементарни санитарни услови.



Одбележувањето на светскиот ден на водите почна од 1993 година, врз основа на Резолуција на Генералното собрание на Обединетите нации од 1992 година. Оваа, 2016 година, темата на одбележувањето на овој ден – „Подобра вода, подобри работни места" се фокусира на тоа дека доволно количество и квалитет на вода може да го промени животот и благосостојбата на работниците и дури да трансформира општества и економии, затоа што денес во светот 1,5 милијарди луѓе работат во сектори поврзани со водите.





## Пулс24 - *По повод 22 март - Светскиот ден на водите: Акција за чистење на езерото „Матка“*

По повод 22 март – Светскиот ден на водите, денеска /22.03.2016 година/, Градот Скопје во соработка со Нуркачкото друштво „Врело“ од Скопје и со Министерството за животна средина и просторно планирање организира чистење на бреговите на реката Треска ...

## Репортер - *Пролетно чистење на реката Треска и езерото Младост*

Градот Скопје во соработка со нуркачкото друштво „Врело“ од Скопје и со Министерството за животна средина и просторно планирање, организира чистење на бреговите на реката Треска и на езерото Матка по повод 22 март Светскиот ден на водите.

## А1 Оn - *Пролетно чистење на реката Треска и езерото Младост*

Градот Скопје во соработка со нуркачкото друштво „Врело“ од Скопје и со Министерството за животна средина и просторно планирање, организира чистење на бреговите на реката Треска и на езерото Матка по повод 22 март Светскиот ден на водите.

**MRT2 -** [***Në Maqedoni shënohet Dita Botërore e Ujit, 3.6 milion njerëz në botë vdesin nga mungesa e ujit***]()

# Në Maqedoni shënohet Dita Botërore e Ujit, 3.6 milion njerëz në botë vdesin nga mungesa e ujit

22.03.2016 16:10

**Në Maqedoni për të shtatën herë shënohet Dita Botërore e Ujit, e cila ka për qëllim të rrisë vetëdijen e qytetarëve për rëndësinë e përdorimit të ujit, kursimit të ujit dhe ruajtjes së resurseve të tij...**

Сподели 0 Ми се допаѓа 0 Tweet




Ndërsa nga Instituti i Shëndetit Publik theksojnë se institucionet kompetente vazhdimisht ndjekin situatën me cilësinë e ujit për pije.

Rreth 37% e popullatës së Maqedonisë jetojnë në vendbanime rurale dhe vetëm 27% e popullatës është e përfshirë në sistemet e ujësjellësit.

**Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.*
*Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*

Ndërsa rreth 62 për qind e banorëve që banojnë në zonat rurale furnizohen me ujë nga ujësjellës të vegjël dhe rreth 4% nga popullata rurale varet nga puset, pompat, çezmat publike etj.

***"Në mjediset rurale, ku kemi rreth 700 mijë banorë, një pjesë e tyre, rreth 30%, janë të përfshirë në sistemin e ujësjellësit të qytetit dhe 60% janë në sistemet lokale te të cilat nuk kemi shpesh një kompani që kujdeset për sigurinë e ujit, që nënkupton ujë të kloruar. Në këto mjedise ndodhë që uji të mos i plotësojë kriteret e sigurisë"***- tha Gordana Ristovska nga Instituti i Shëndetit Publik.

Sipas të dhënave të Kombeve të Bashkuara, mbi 3.6 milionë njerëz vdesin çdo vit nga sëmundje të shkaktuara nga uji, çdo ditë në botë vdesin nga 38 punëtorë nga sëmundje të shkaktuara nga uji, mbi 1/3 e shkollave në shtetet në zhvillim nuk kanë qasje të uji për pije dhe higjienë.

**REJHANE BUSHI-METAJ**

# Тера - *Битола доби локација за фрлање на градежен отпад*

# Битола доби локација за фрлање на градежен отпад

Вести Актуел Mar 22, 2016 0 157



Во Стопанскиот двор на ЈКП Нискоградба отворена претоварна станица за комунален инертен отпад, односно градежен отпад. Грѓаните ќе можат тука сами или со помош на двете јавни комулани претпријатија од градот да го носат отпадот доколку неговата количина изнесува до еден метар кубен, а доколку имаат поголеми количини ќе мора градежниот отпад да го остават во депонијата Мегленци

– Станува збор за комунален отпад направен од реализирани градежни активности кој граѓаните ќе може да го оставаат во претоварната станица. Оваа станица ќе може да прифати до еден метар кубен додека поголеми количини ќе мора да ги оставаат во депонијата „Мегленци". Веруваме дека ќе се подобри ситуацијата во оваа сфера бидејќи за жал дел од несовесните граѓани продолжуваат да исфрлаат градежен шут на разни локации во градот создавајќи диви депонии. Ние ќе бидеме поупорни за да се зголеми свеста на граѓаните за овој комунален проблем, изјави Владимир Талески, градоначалник на Битола .

Улогата на ЈП Нискоградба е укажување на граѓаните како да се ослободат од инертниот отпад, за кој што постои и ценовник

Градоначалникот Талески нагласи дека за решавање на проблемот со незаконско фрлање на комунален отпад на јавни површини има соработка со граѓаните кои пријавуваат или фотографираат несовесни граѓани и на кои комуналната инспекција ќе им изрече соодветни казни.Идниот период Талески најави и чистење на дивите депонии во градот



## Радио МОФ - *Еколошка организација ја тужи владата на Велика Британија поради аерозагадувањето*

РАДИО МОФ RADIOMOF.MK

# ЕКОЛОШКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЈА ТУЖИ ВЛАДАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ПОРАДИ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО

0

21/03/2016 - 17:21 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Адвокатската компанија за животната средина ClientEarth поднесе тужба во петокот против владата на Велика Британија за нејзиниот неуспех во борбата против нелегалното загадувањето на воздухот.

Адвокатското друштво поднесе документи во кој се наведува дека Велика Британија се соочува со 40.000 прерани смртни случаи од загадувањето на воздухот секоја година и дека "Владата е во кршење на наредбата на Врховниот суд да се исчисти квалитетот на воздухот, бидејќи не успеа еднаш да преземе соодветни мерки во и да се соочи со јавната здравствена криза."

ClientEarth ја поднесе тужбата во Врховниот суд во Лондон, а во тужбата се спомнува секретарот на Велика Британија за животна средина како обвинет, а именувани се и министри од Шкотска и Велс, градоначалникот на Лондон, како и Министерството за транспорт како "заинтересирани страни" во овој случај.

Минатата година, Врховниот суд пресуди во корист на ClientEarth и нареди владата да достави нови планови за квалитетот на воздухот за да се намали загадувањето на воздухот. Новата тужба го прашува судот да ги поништи овие планови и да ѝ нареди на владата да се направат нови. Правната фирма вели дека првите планови се несоодветни за да се намали емисијата на азот диоксид.